Според актот за организација, како се организирани инспекциските служби во вашата општина? Доставете копија од важечкиот акт за внатрешната организација на општината.

Доставете ни листа на вработени лица со име и презиме кои според систематизација извршуваат инспекциски надлежности, со наведување на: звање на позицијата; сектор/одделение; инспекциска област; род на носителот на позицијата; година на вработување; највисок степен на образование (ниво и област); година на стекнување инспекторска лиценца; информација за претходно работно искуство со кое лицето ги исполнило условите на конкурсот; копија од конкурсот на кој е примено лицето; копија од одлука за избор за вработување; службен контакт од лицето.

Колку работни позиции со инспекциски надлежности се предвидени со актот за систематизација и колку од нив се пополнети? Доставете копија од важечкиот акт за систематизација.

За кои области за кои со закон е предвиден локален инспекциски надзор, општината нема предвидено или пополнето инспекторска позиција? На кој начин се обезбедува вршење на овие надлежности (на пр. меѓуопштинска соработка, позајмување инспектор и сл.)?

Колку нови вработувања во секторите/одделенијата со инспекциски надлежности се планирани за 2026 година?

За секој инспектор, за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025, дајте ни преглед на вкупен број: редовни инспекциски надзори; вонредни инспекциски надзори; контролни инспекциски надзори; утврдени неправилности. Доколку инспекторот спроведувал надзор во пар или група, ве молам таа информација да ја издвоите од информацијата за индивидуално спроведени надзори и утврдени неправилности.

Според ваша проценка, колкав е бројот на субјекти кои се опфатени со локалниот инспекциски надзор по инспекциска област?

Доставете копии од годишните извештаи за спроведен инспекциски надзор за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025.

Доставете ни копија од годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска одговорност на административните службеници доставен до МИОА, за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025.

Кој орган или функционер во општината е надлежен за непосредна супервизија над работата на инспекторите (градоначалник, секретар на општината, раководител на сектор/одделение)? Ве молиме наведете ја линијата на хиерархиска отчетност.

Дали постои формална процедура или интерен акт за следење и оценување на учинокот на инспекторите? Доколку да, доставете копија или упатување на актот.

Дали годишните извештаи за инспекциски надзор биле разгледувани од Советот на општината за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 ? Доколку да, доставете информации за датумот на разгледување и донесените заклучоци.

Доставете копии од извршените внатрешни контроли или внатрешни ревизии поврзани со инспекцискиот надзор, вклучително и ревизии по тип или фаза на надзор.

За сите лица кои во моментов вршат инспекциски надлежности, доставете податоци за дисциплински постапки кои се покренати против нив од нивното вработување до денес, со наведување на: датум на покренување иницијатива за дисциплинска постапка; дали е донесено решение за изрекување дисциплинска мерка; датум на донесување на решение за изрекување дисциплинска мерка; тип на утврден прекршок; тип на изречена дисциплинска мерка; дали е вложена жалба до второстепен орган и исходот; дали е вложена тужба и исходот. Појаснување: Ве молиме, за полесен преглед, податоците внесети ги во excel табела, со наслов "Табела за дисциплински постапки против инспектори".

Доставете копии од решенија за изрекување дисциплински мерки на лицата кои вршат инспекциски надлежности, со соодветна анонимизација на личните податоци.

За сите лица кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, доставете информација дали постои правосилна осудителна судска пресуда за кривични дела против службената должност, вклучително и злоупотреба, пречекорување или несовесно вршење на службените овластувања, како и пропуштање на законски должности.

За сите лица кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, доставете информација дали биле водени судски постапки за кривични дела против службената должност кои завршиле со ослободителна пресуда, одбивање на обвинението или друг неосудителен исход.

За сите лице кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, дали била покрената постапка за одземање, суспензија или преиспитување на инспекторска лиценца на лице кое вршело инспекциски надлежности во општината? Доколку да, наведете број на случаи и исход.

**Датум:** 01.04.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** [redacted]

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 27.03.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барања за пристап до информации од јавен карактер во врска со функционирањето на инспекциската служба во Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањата за информации од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ги доставува информациите во врска со функционирањето на инспекциската служба во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил18 (осумнаесет) барања за информации од јавен карактер на 27.03.2026 година по електронска пошта, заведени под еден архивски број во архивата на Општина Демир Хисар на 27.03.2026 година под архивски број 18-331/1, кои се во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 01.04.2026 година, под бр. 18-331/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА-

1.По број 0306-63-1/26: Според актот за организација, како се организирани инспекциските служби во вашата општина? Доставете копија од важечкиот акт за внатрешната организација на општината.

-Инспекциската служба во Општина Демир Хисар е организирана во одделение за инспекциски надзор-инспекторат. Во прилог ви доставувам Правилник за внатрешна организација на општинската администрација на Општина Демир Хисар,

2. По број 0306-63-6/26: Доставете ни листа на вработени лица со име и презиме кои според систематизација извршуваат инспекциски надлежности, со наведување на: звање на позицијата; сектор/одделение; инспекциска област; род на носителот на позицијата; година на вработување; највисок степен на образование (ниво и област); година на стекнување инспекторска лиценца; информација за претходно работно искуство со кое лицето ги исполнило условите на конкурсот; копија од конкурсот на кој е примено лицето; копија од одлука за избор за вработување; службен контакт од лицето. Појаснување: Ве молиме, за полесен преглед, податоците внесети ги во excel табела, со наслов "Податоци за инспектори".

-Во прилог пополнета табела,

3. По број 0306-63-7/26: Колку работни позиции со инспекциски надлежности се предвидени со актот за систематизација и колку од нив се пополнети? Доставете копија од важечкиот акт за систематизација.

-Во актот за систематизација се превидени 5 работни места во одделението за инспекциски надзор-инспекторат, од кои еден раководител на одделението (испразнето по однос на пензионирање), еден помлад инспектор за комунални дејности (пополнето), еден помлад инспектор за животна средина (пополнето), еден овластен инспектор за даноци (пополнето) и еден комунален редар (пополнето).

-Во прилог ви ги доставуваме основниот акт за систематизација и сите измени.

4. По број 0306-63-8/26: За кои области за кои со закон е предвиден локален инспекциски надзор, општината нема предвидено или пополнето инспекторска позиција? На кој начин се обезбедува вршење на овие надлежности (на пр. меѓуопштинска соработка, позајмување инспектор и сл.)?

-Согласно Правилникот за внатрешна организација, Општина Демир Хисар треба да ги врши следниве дејности: изградба на објектите од инфраструктура, режимот на сообраќај на патиштата, градежништво, урбанистичко планирање, комунални работи, прибирање на изворни приходи, локални даноци и такси, заштита на животна средина и природата, угостителска и туристичка дејност од

мал обем, образование и спорт, домување и друго. Покриени се во моментов со комуналните дејности (Закон за управување со дополнителни текови на отпад; Закон за комуналните работи; Закон за јавна чистота; Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води; Закон за гробишта и погребални услуги; Закон за заштита и благосостојба на животните; Закон за урбано зеленило; Закон за инспекциски надзор; Одлука за комунален ред на Општина Демир Хисар; Правилници, Одлуки и Уредби кои што се донесени врз основа на погоре споменатите закони), заштита на животната средина (Закон за инспекциски надзор; Закон за управување со отпад; Закон за управување со дополнителни текови на отпад; Закон за животна средина; Закон за води; Закон за квалитет на амбиентниот воздух; Закон за заштита на природата; Закон за заштита од бучава; Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема; Закон за управување со пакување и отпад од пакување; Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори и Правилници, Одлуки и Уредби кои што се донесени врз основа на погоре споменатите закони) и прибирање на локални приходи, даноци и такси (Закон за даноците на имот; Закон за комуналните такси; Закон за такса за привремен престој ; Закон за пожарникарство и Закон за инспекциски надзор). Воспоставена е меѓуопштинска соработка со Општина Могила, во областа на животната средина, при што помладиот инспектор вработен во Општина Демир Хисар, врши инспекциски надзор за Општина Могила од 2022 година.

5. По број 0306-63-9/26: Колку нови вработувања во секторите/одделенијата со инспекциски надлежности се планирани за 2026 година?

-Не се предвидени нови вработувања за 2026 година. Напоменуваме дека во претходните години се објавувани јавни огласи за прием на инспектори но немаше заинтересирани кандидати.

6. По број 0306-63-10/26: За секој инспектор, за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025, дајте ни преглед на вкупен број: редовни инспекциски надзори; вонредни инспекциски надзори; контролни инспекциски надзори; утврдени неправилности. Доколку инспекторот спроведувал надзор во пар

или група, ве молам таа информација да ја издвоите од информацијата за индивидуално спроведени надзори и утврдени неправилности.

-Прегледите се составен дел на извештаите за работа на одделението за инспекциски надзор-инспекторат кои ви ги доставуваме во прилог, но во продолжение ви доставуваме и пополнета табела за секој инспектор поединечно заради подобар преглед.

| **Инспектор** | **Година** | **Вид на надзор** | | | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилности** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонреден | Контролен | | |
| **Овластен градежен инспектор Суза Цуцулоска (пензионирана во февруари 2026)** | 2025 | 24 | 8 | 9 | 41 | 16 |
| | 2024 | 15 | 5 | 5 | 25 | 8 |
| | 2023 | 29 | 5 | 6 | 40 | 11 |
| | 2022 | 11 | 10 | 12 | 33 | 18 |
| | 2021 | 11 | 13 | 9 | 33 | 22 |
| | 2020 | 9 | 5 | 2 | 16 | 7 |
| **Овластен инспектор за даноци Лидија Сивеска Мирчевска** | 2025 | 0 | 21 | 11 | 32 | 3 |
| | 2024 | 0 | 21 | 22 | 43 | 10 |
| | 2023 | 0 | 9 | 7 | 16 | 6 |
| | 2022 | 0 | 21 | 22 | 43 | 11 |
| | 2021 | 6 | 12 | 13 | 31 | 15 |
| | 2020 | 1 | 10 | 10 | 21 | 6 |
| **Помлад инспектор за комунални дејности Вера Трајковска (од февруари 2020 до до октмомври 2020 година имаше звање помлад инспектор за животна средина и комунални работи работи)** | 2025 | 2 | 16 | 19 | 37 | 25 |
| | 2024 | 3 | 9 | 12 | 24 | 14 |
| | 2023 | 2 | 9 | 14 | 25 | 20 |
| | 2022 | 3 | 6 | 8 | 17 | 8 |
| | 2021 | 1 | 7 | 4 | 12 | 6 |
| | 2020 | 0 | 15 | 1 | 16 | 4 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Помлад иснпектор за животна средина**<br><br>**Игор Димитријовски** | 2025 | 2 | 6 | 3 | 11 | 0 |
| | 2024 | 2 | 6 | 1 | 9 | 3 |
| | 2023 | 5 | 4 | 2 | 11 | 2 |
| | 2022 | 3 | 1 | 0 | 4 | 0 |
| | 2021 | / | / | / | / | / |
| | 2020 | / | / | / | / | / |

7. По број 0306-63-11/26:

Според ваша проценка, колкав е бројот на субјекти кои се опфатени со локалниот инспекциски надзор по инспекциска област?

-Согласно Годишниот план за работа на одделението за иснпекциски надзор-инспекторат за 2026 година, предвидени се вкупно 109 надзори и тоа по 37 за помладиот инспектор за комунални дејности и советникот овластен инспектор за даноци и 35 за помладиот инспектор за животна средина.

8. По број 0306-63-12/26:

Доставете копии од годишните извештаи за спроведен инспекциски надзор за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025.

-Ви ги доставуваме во прилог.

9. По број 0306-63-13/26:

Доставете ни копија од годишниот извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска одговорност на административните службеници доставен до МИОА, за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025.

-Ви ги доставуваме во прилог, освен за 2020 година затоа што тој спаѓа во документарен материјал за уништување што е веќе реализирано, но и таа година немаше изречени дисциплински мерки.

10. По број 0306-63-14/26:

Кој орган или функционер во општината е надлежен за непосредна супервизија над работата на инспекторите (градоначалник, секретар на општината, раководител на сектор/одделение)? Ве молиме наведете ја линијата на хиерархиска отчетност.

-Со оглед на тоа дека работното место раководител на одделение за инспекциски надзор во моментов е испразнето по однос на пензионирање, до пополнување на тоа работно место непосредна супервизија над работата на инспекторите како претпоставен раководител врши градоначалникот, согласно Законот за инспекциски надзор.

11. По број 0306-63-15/26:

Дали постои формална процедура или интерен акт за следење и

оценување на учинокот на инспекторите? Доколку да, доставете копија или упатување на актот.

-Не, тоа се врши согласно Законот за инспекциски надзор.

12. По број 0306-63-16/26:

Дали годишните извештаи за инспекциски надзор биле разгледувани од Советот на општината за годините 2020, 2021, 2022, 2023, 2024 и 2025 ? Доколку да, доставете информации за датумот на разгледување и донесените заклучоци.

-Извештаите не се разгледувани од страна на Советот на Општина Демир Хисар.

13. По број 0306-63-17/26:

Доставете копии од извршените внатрешни контроли или внатрешни ревизии поврзани со инспекцискиот надзор, вклучително и ревизии по тип или фаза на надзор.

-Одделението за внатрешна ревизија има извршено ревизија на успешност на програмата за јавна чистота за 2019 година во Општина Демир Хисар и ЈКП Комуналец, која ви ја доставуваме во прилог.

-Исто така, во годишниот план за внатрешна ревизија за 2026 година е предвидена ревизија на успешност на реализација на годишната програма за 2025 година за контрола на популација на бездомни кучиња на територија на општината.

14. По број 0306-63-18/26:

За сите лица кои во моментов вршат инспекциски надлежности, доставете податоци за дисциплински постапки кои се покренати против нив од нивното вработување до денес, со наведување на: датум на покренување иницијатива за дисциплинска постапка; дали е донесено решение за изрекување дисциплинска мерка; датум на донесување на решение за изрекување дисциплинска мерка; тип на утврден прекршок; тип на изречена дисциплинска мерка; дали е вложена жалба до второстепен орган и исходот; дали е вложена тужба и исходот. Појаснување: Ве молиме, за полесен преглед, податоците внесети ги во excel табела, со наслов "Табела за дисциплински постапки против инспектори".

-Нема такви случаи, затоа не ја пополнуваме таа ексел табела.

15. По број 0306-63-19/26:

Доставете копии од решенија за изрекување дисциплински мерки на лицата кои вршат инспекциски надлежности, со соодветна анонимизација на личните податоци.

-Нема такви случаи.

16. По број 0306-63-20/26:

За сите лица кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, доставете информација дали постои правосилна осудителна судска пресуда за кривични дела против службената должност, вклучително и злоупотреба, пречекорување или несовесно вршење на службените

овластувања, како и пропуштање на законски должности.

-Нема такви случаи.

17. По број 0306-63-21/26:

За сите лица кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, доставете информација дали биле водени судски постапки за кривични дела против службената должност кои завршиле со ослободителна пресуда, одбивање на обвинението или друг неосудителен исход.

-Нема такви случаи.

18. По број 0306-63-22/26:

За сите лице кои во изминатите 15 години извршувале инспекциски надлежности, дали била покрената постапка за одземање, суспензија или преиспитување на инспекторска лиценца на лице кое вршело инспекциски надлежности во општината? Доколку да, наведете број на случаи и исход.

-Нема такви случаи.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

---------------------------------------------